ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

# ЗАПИСНИК

## од Прва форумска сесија во Источен плански регион

**Датум:** 11.11.2022 година, **Место:** „Хотел Изгрев"-Штип **Час:** 10:00

**Присутни граѓани:** Вкупно:73
Мажи: 37 Жени: 36 Ранливи групи: /

**Модератор:** Ѓорги Велковски, **Ко-модератор:** Андреа Златковска

**Првата форумска сесија го имаше следниот дневен ред:**

| | |
|---|---|
| 10.00 – 10:30 | Пристигнување и регистрација |
| 10:30 – 11:00 | Обраќања<br>• Г-дин Иван Јорданов, Претседател на Советот за развој на Источен плански регион и Градоначалник на Општина Штип<br>• Г-ѓа Зујица Ангелова, Директор на Центарот за развој на Источен плански регион |
| 11:00 – 11:30 | Избор на приоритетни области и комплементарни области за проектите финансирани од Програмата за рамномерен регионален развој 2023-2024 година |
| 11:30 – 12:30 | Структурирање на форумот / распределување по **работни маси**<br>Утврдување на правила за работа на форумот<br>Презентација на форумскиот процес |
| 12:30 – 12:45 | Кафе пауза |
| 12:45 – 14:00 | Идентификација и дефинирање на приоритетни регионални проблеми поврзани со избраните области<br>Дискусија по работни маси и презентација<br>Групирање и презентирање на регионалните проблеми |
| 14:00 – 14:45 | Предлагање решенија - препораки<br>Дискусија по работни маси и презентација<br>Формирање на работни групи за предлог решенијата |
| 14:45 – 15:00 | Оценка на форумската сесија<br>Договор за следна сесија |
| 15:00 | Коктел |

На почетокот на форумската сесија се обрати модераторот, Ѓорѓи Велковски кој откако се претстави и го претстави комодераторот, ги поздрави присутните, им посака добредојде и успешна работа на Првиот регионален форум.

Модераторот даде збор на Г-дин Иван Јорданов, Градоначалник на општина Штип и Претседател на Советот за развој на Источен плански регион.

Градоначалникот откако ги поздрави присутните, упати благодарност до Министерството за локална самоуправа, Бирото за регионален развој, Швајцарската агенција за развој и соработка во Македонија кои даваат континуирана поддршка на Источниот плански регион во спроведување на активности од значење за развој на регионот, а воедно и ги информираше присутни дека преку Програмата за регионал развој за 2023/2024 година се обезбедени средства за имплементација на проекти во вкупен износ од 47 000 000 денари. Градоначалникот го изрази своето очекување преку овие мерки да се овозможи партиципативен развој на заедницата и добро регионално управување со примена на структуриран инструмент за граѓанско учество – форумски пристап. На крајот се заблагодари на учеството на присутните на форумските сесии, посака плодна дискусија и кажа дека се надева дека на еден инклузивен и партиципативен начин ќе биде идентификуваат најсоодветните проекти со регионален карактер кои ќе бидат аплицирани преку Центарот за развој на Источен плански регион.

Потоа Модераторот даде збор на Г-ѓа Зујица Ангелова, Директор на Центарот за развој на Источен плански регион, која ги поздрави присутните и се заблагодари за присуството. Ја објасни Програмата за рамномерен регионален развој 2023/2024, каде вкупниот буџет изнесува околу 47 000 000 – 50 000 000 милиони денари. Потоа соопшти дека ова е Втор форумски процес и ги соопшти резултатите од Првиот форумски процес.

Во однос на изборот за финансирање на инвестициски предлог-проект во рамки на Грантовата шема на МЛС/СДЦ „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - II фаза" истакна дека до Министерство за локална самоуправа, биле поднесени три предлог-проекти: „Изградба на спортски комплекс (авантуристички парк) општина Штип"; „Циркуларна економија – проект за примарна селекција на отпад „Продај го својот отпад"" и Регулација на коритото на река Брегалница во централното градско подрачје – фаза 2" – општина Делчево. Врз основа на известувањата на проектната канцеларија дека „Комисијата за евалуација на проектите од Грантовата шема има право во случај кога ниту еден од трите рангирани предлог-проекти од некои од Центрите за развој на планските региони не добил доволно поени согласно Водичот, од мнозинството од вкупниот број на членови на Комисијата за да биде поддржан за финансирање, Претседателот на комисијата може да побара од Центарот/ Центрите да ги доставаат сите предложени концепти од страна на Форумот". Па од Центарот биле поднесени предлог-проектите:

1. Превенција и заштита од шумски пожари во Источен плански регион и
2. Реконструкција и адаптација на Дом за стари лица Берово – 4та ламела.

На крај кажа дека сѐ уште не е познато кои проекти ќе бидат одобрени, но се надева дека до Втората форумска сесија ќе има одобрен проект.

Модераторот го претстави ко-модераторот Г-ца Андреа Златковска, која кажа дека форумскиот процес работи според Правилата предвидени на Форумот, ги истакна целите на Програмата, а тоа е избор на приоритетни и комплементарни области за проекти финансирани од Програмата за регионален развој за 2023 /2024 година и ја презентираше временската динамика на целиот процес за избор на проектите. Информираше за вкупниот буџет на проектите, минималниот вредносен праг по проект, како и карактеристиките од кои барем една треба да задоволува одреден проект за да се смета за регионален проект, како и компонентите кои треба да ги содржи еден регионален проект. Ја објасни визијата на ИПР, која треба да се има во предвид при идентификувањето на регионални проблеми на овие форуми. Ги презентираше и стратешките цели содржани во Програмата за развој на ИПР, како и приоритетните мерки идентификувани во рамките на стратешките цели.

**ПРВ ДЕЛ – Прв Регионален форум на заедницата за избор на проект за финансирање од Грантовата шема на МЛС/СДЦ „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза“**

Комодераторот кажа дека сите стратешки цели имаат еднаква важност и дека е потребно да се избере стратешка цел и ги кажа 5-те стратешки цели и замоли сите учесници на стикери да ја напишат бројката на една стратешка цел која сметаат дека е најприоритена. Резултатите се следниве:

**Табела 1.1.** Приоритетни области (сесија 1)

| Р. бр. | Област | Предложено од | Рангиран/избран | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Стратешка цел 3 -Одржливо управување со животна средина и природните ресурси | 25 учесници | 1/ Избран | |
| 2 | Стратешка цел 5 – Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација | 12 учесници | 2/ Избран | |
| 3 | Стратешка цел 2 – Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги | 10 учесници | | |
| 4 | Стратешка Цел 1 - Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот | 6 учесници | | |
| 5 | Стратешка цел 4 – Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини | 3 учесници | | |

Комодераторот кажа дека сега следи структурирање на форумот и распределување по работни маси, на кои учесниците по своите афинитети и цели за присуство ќе се распределат по маси. Објасни дека од тимот на ИПР се предложени 8 маси, меѓутоа учесниците можат да допишат работна маса која сметаат дека треба да биде во структурата на форумот. Ги објасни правилата за структурирање и работа по работни маси, како на пример минимум 6 члена, а максимум 10 члена по работна маса и сл. Ги кажа предложените 8 (осум) работни маси на следниве утврдени теми:

- ✓ Рурален развој  и земјоделие;
- ✓ Животна средина;
- ✓ Туризам и култура;
- ✓ Образование, спорт и млади;
- ✓ Социјални услуги;
- ✓ Економија и пазар на труд;
- ✓ Здравствени услуги;
- ✓ Бизнис сектор.

**Учесниците се распределија во 6 (шест) работни маси на следниов начин:**

- ✓ **Рурален развој  и земјоделие;**
- ✓ **Животна средина;**
- ✓ **Туризам и култара**
- ✓ **Образование, спорт и млади;**
- ✓ **Социјални услуги;**
- ✓ **Економија, пазар на труд и бизнис сектор.**

Модераторот информираше дека сите ги имаат Правилата за работа на нивните работни маси и кои треба да се почитуваат и имаше кратка Презентација на форумскиот процес, критериумите за избор на регионалниот проект, финансиските параметри, целите на 1-та сесија и планираните резултати. Потоа замоли работните маси да идентификуваат по минимум 1, а максимум 2 регионални проблеми/концепти кои сакаат да ги предложат.

Модераторот го повика експертот Г-дин Денис Жерновски кој изјави дека доколку се предлага изведбен проект, еден од основните критериуми за истиот е да има подготвено основна техничка документација и да има градежна дозвола. Воедно, истакна и дека се очекува Повикот за прекугранична соработка Македонија – Бугарија да биде во месец февруари 2023 година и дека ова може да биде можност Општините да конкурираат на тој повик.

Доколку немаше прашања од присутните, модераторот ги замоли присутните да дискутираат за проблемите кои би ги предложиле од комплементарните области.

Од страна на работните маси беа идентификувани и презентирани следниве клучни проблеми и препораки:

**Табела 1.2.** Идентификувани клучни проблеми и препораки од првата форумска сесија (сесија 1)

| Дефиниран проблем | Препорака за решавање-предлог идеа | Препорачано од/до | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1.1 Недоволна искористеност на обновливи извори на енергија<br>- Непостоење на енергетски ефикасни објекти во јавните институции<br>1.2 Нерегулирани речни корита (р.Брегалница и р.Виничка)<br>1.3 Непостоење на фекална канализација во рурални средини<br>1.4 Недоволна опрема за справување со шумски пожари<br>1.5 Недостаток на техничка документација за регулација на речно корито во Равна река | 1.1 Поставување на фотоволтаици<br>1.2 Регулирање на р.Брегалница (Делчево) и регулирање на р.Виничка (Виница)<br>1.3 Фекална канализација во с.Соколарци – фаза 2<br>1.4 Набавка на соодветна противпожарна опрема<br>1.5 Изработка на техничка документација за регулирање на речното корито на р.Брегалница во туристчката населба „Равна Река"- Пехчево | Препорачано од Работна маса: Животна средина | |
| 2.1 Недоволна искористеност на обновливи извори на енергија<br>2.2 Недоволна туристичка инфраструктура<br>2.3 Застарена техничка документација | 2.1 Поставување на фотоволтаици<br>2.2 Подобрување на туристичката сигнализација и туристичката инфраструктура во ИПР<br>- Изградба на мултинаменско игралиште на СРТЦ Пониква<br>2.3 Бањеолошки центар за с.Бања | Препорачано од Работна маса: Туризам и култура | |
| 3.1 Недостаток на обновливи извори на енергија<br>3.2 Непостоење на регулиран центар за ресоцијализација и | 3.1 Поставување на фотонапонски панели на јавни институции во ИПР<br>3.2 Формирање на центар за земјоделски сектор | Препорачано од Работна маса: Рурален развој и земјоделие | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| одржување социјална инклузија<br>3.3 Недостаток на третман на отпадни води | 3.3 Изградба на систем за одведување на отпадни води во с. Соколарци – II фаза , О.Чешиново-Облешево и Штип<br>-Пречистување на отпадни води со трска | | |
| 4.1 Недостаток на регистриран спортски комплекс<br>4.2 Недостаток на мултинаменски игралишта<br>4.3 Недостаток на осветлување во Градски паркови и стадиони | 4.1 Изградба на регистирано спортско игралиште во с.Мородвис<br>4.2 Изградба на мултинаменско игралиште во ИПР<br>4.3 Поставување на осветлување во Градски паркови и стадион (Виница) | Препорачано од Работна маса: Млади,спорт и образование | 1.1 Комплетна техничка документација |
| 5.1 Недостаток на обновливи извори на енергија<br>5.2 Недоволна развиена туристичка инфраструктура<br><br>5.3 Лоша патна инфраструктура | 5.1 Поставување на фотоволтаици<br><br>5.2 Подобрување и изградба на нова туристичка инфраструктура(Лесново, Камник, Мородвис,Баргала)<br>-Изградба на пристапен пат до манастир „Св.Симеон“ во с.Мородвис<br>- Изградба на спортско игралиште на Пониква<br><br>5.3 Изградба на локални патишта до туристички локалитети | Препорачано од Работна маса: Економија, пазар на труд и бизнис сектор | 1.2 Комплетна техничка документација |
| 6.1 Недоволна искористеност на ОИЕ<br><br>6.2 Недостаток на детски игралишта | 6.1 Поставување на фотоволтаици на јавни објекти<br><br>6.2 Изградба на игралиште за социјално загрозени лица во с.Мородвис - Зрновци | Препорачано од Работна маса: Социјални услуги | |

**Откако беа презентирани регионалните проблеми, се помина кон групирање на проблемите и истите се групираа во следниве групи:**

- **Енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија**
- **Третман на отпадни води**
- **Непостоење на фекална канализација**
- **Нерегулирани речни корита**
- **Недостаток на спортски игралишта и паркови**
- **Туристичка инфраструктура**
- **Патна инфраструктура.**

На крајот на првата форумска сесија, учесниците беа замолени од страна на модераторот да ги потполнат анкетните листови / евалуациони прашалници кои им беа поделени.

Модераторот уште еднаш им се заблагодари за учеството во форумскиот процес и ги повика на повторна средба на следната форумска сесија.

**Резултати од евалуација на форумската сесија:**

***Заклучоци и препораки***

| **Оцена** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на учесници кои ја дале оцената** | **0** | **1** | **5** | **13** | **31** |
| **Вкупен број на учесници кои пополниле евалуционен прашалник** | | | | | **50** |

**Прилози:**

- ☐ Покана и дневен ред, Листа на учесници – општ список, Листа на учесници по работни маси
- ☐ Фотографии
- ☐ Изјави за медиуми (линкови, објави и сл.)

Записничар:
Моника Паневска